ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-175/1
28.04 2022 год.

ИСТОЧЕН РЕГИОН

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
И: www.eastregion.mk

# ЗАПИСНИК

## од V (Петтата) итна Седница Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 14.04.2022 година

На ден 14.04.2022 година, во општина општина Штип (Мултимедијален Центар „Киро Глигоров„ Штип), се одржа петтата (итна) Седница на Советот за развој на Источен плански регион.

Градоначалниците на општините Македонска Каменица, Делчево и Берово имаа свои овластени замени на Седницата.

Овластената замена на Градоначалникот на општина Делчево пристигна кратко по отпочнување на дискусијата по првата точка од дневниот ред, Градоначалникот на општина Пробиштип беше отсутен на гласањето по Листата на приоритетни концепт решенија во рамки на втората точка од дневниот ред, како и на третата и четвртата точка од дневниот ред, а Градоначалникот на општина Карбинци беше отсутен на четвртата точка од дневниот ред.

Останатите членови на Советот беа присутни за цело времетраење на Седницата.

Од Центарот за развој на Источен плански регион присуствуваа Г-ѓа Зујица Ангелова – директор на Центарот за развој на Источен плански регион и сите вработени во Центарот.

Присутни беа странски експерт и претставници на проектната единица во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2“, како и Г-дин Ванчо Новоселски од општина Делчево.

Официјален записничар беше Г-ца Катерина Коцева.

Седницата започна во 10:30 часот и со неа претседаваше Претседателот - Г-дин Иван Јорданов.

Претседателот констатира дека има доволен број на присутни членови на Советот (10 – од кои општините Берово и Македонска Каменица со овластени замени), за Советот за развој на Источен плански регион да може да работи и полноправно да одлучува.

Претседателот ја прогласи за отворена петтата Седница на Советот за развој на Источен плански регион.

Пред да се премине на Дневниот ред, Претседателот отвори расправа по Записникот од IV (Четвртата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 29.03.2022 година. Праша дали некој има забелешки по Записникот и ќе се јави за збор. Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот го стави Записникот на усвојување. Праша кој е ,,ЗА”. 10 членови на Советот гласаа „За“. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани.  Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Претседателот констатира дека **Записникот од IV (Четвртата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 29.03.2022 година е едногласно усвоен.**

Потоа Претседателот го предложи следниот:

Збор зеде Г-дин Борис Цизељ објасни дека денешната тема е санирање на регионалните разлики и ја истакна важноста на регионалната политика во последните 15 години. Зборуваше за искуствата на Соловенија и Хрватска во користењето на фондовите на ЕУ од станувањето на земји членки на ЕУ. Објасни дека со цел успешност на политиките на регионален развој се изработуваат Стратегии, но во суштина многу од насловените документи како Стратегија всушност не се тоа, бидејќи Стратегијата треба да го имплицира изборот на приоритети. Кажа дека во нашата држава гледа гледа можност и за земјоделство и за туризам и на тоа треба да се обрати важност. Сето тоа е взаемно поврзано, без здраво опкружување нема туризам, а туризмот се луѓето. Во делот на туризам фокусот треба да е на нешто ново и интересно и сето тоа во контекст на изнесената поврзаност. Ги пренесе искуствата на земјите членки на ЕУ и ја спомна важноста на иновациски еко систем. Кажа дека откако ќе се одбере од која област ќе се види едно искуство, односно проект, учесниците на студиското парување ќе треба да да се запознаат со пристапот, резултатите кои ги оставарува, со кои проблеми се соочува и на кој начин се решаваат тие проблеми. Од студиските патувања треба да се види и на кој начин тие држави го решаваат проблемот со корупцијата. Од членовите на Советот побара да се изјаснат каде гледаат дека низ тие посети највеќе ќе се обогатат и ќе добијат одговор на прашањата кои ги мачат.

По обрзлагањето на Г-дин Цизељ, Претседателот кажа дека како потенцијал кој го има општина Штип е развојот на бански туризам, изворите кај бања Кежовица и центарот за физикална терапија во Штип. Сето тоа може да прерасне во хотелски комплекс, потенцијални инветитори има, а термо минералната вода е втора во ЕУ по лековитост и тоа треба да се искористи. Потенцијалните инвеститори прашуваат на кој начин можат да купат парцела, земјиште. Претседателот предложи да се види на кој начин функционирраат другите центри и другите општини. Од останатите членови на Собветот побара да предложат област за размислување.

За збор се јави Градоначалникот на општина Кочани кој кажа дека општина Кочани се потпира на 3 области, односно потенцијали: земјоделие како производство на ориз, која можност ја има и во други општини од регионот како Чешиново – Облешево, Виница и Зрновци, геотермалните води и туризам. Постојат атрактивни земјоделски култури кои можат да бидат пласирани. Геотермални ресурси и потенцијал имаат и општините Штип и Виница. Капацитетот на геотермалните ресурси е 300 л во секунда. Градоначалникот изнесе и други информации во врска со капацитетот на геотермалните води и кажа дека во општина Кочани геотермалните води се користат и како енергенс. Туризмот со туристичката дестинација Пониква на Осоговските планини, географски гледано се протега и на општините Пробиштип и Македонска Каменица и дел на Крива Паланка и со само тоа оваа дестинација има поширок регионален аспект. Ова е и дестинација на која гравитираат и потенцијални инвеститори.

Г-дин Цизељ објасни дека е во тек поддршка која поддржува поголеми проекти.

Градоначалникот на општина Пехчево, објасни дека општина Пехчево е највисоката општина на 1000 мнв со убава природа. Интересот е на реализација на проекти во планински туризам, како да се привлечат потенцијални инвеститори за изградба на мали хотели, хостели. Од аспект на сточарството – да се едуцира населението кон брендирање на

туризмот го гледа во регионалниот настап. Општината е позната и како воздушна бања, па покрај планинскиот може да се развива и здравствениот туризам.

Г-дин Цизељ праша што е ограничувачки фактор тоа да се оствари, дали кадрите или финансискиот аспект, на што Г-ѓа Фурнаџиска кажа дека и двата аспекти се ограничувачки фактор, а донаторите бараат економски посилни општини.

Г-дин Александар Караев кажа дека се изнесени и потенцијалите и проблемите, но повеќе од овие податоци ги има во планските документи, па затоа побара членовите на Советот да ги изнесат проблемите и ограничувачките фактори, кои не се гледаат во планските документи, а студиското патување би помогнало за нивно решавање.

Г-ќа Фурнаџиска кажа дека општина Берово е позната и како мала Швајцарија, и веројатно има сличности со некое место таму.

Г-дин Цизељ спомена и дека во Швајцарција за многу прашања се спроведува референдум и дека народот препознава што треба да се поддржи.

Градоначалникот на општина Виница кажа дека ограничувачки фактор за геотремалните води се концесиите. Доделени се за период од 30 години, моментално има 4 бушотини и потребна е интервенција во законските решенија, бидејќи овде има големи количини на заробено природно богатсво.

Г-дин Јован Манасијевски кажа дека на крај на посетите по планските региони, Г-дин Цизељ ќе направи согледувања и спарувања. За 2-3 недели ќе има иницијални предлози, а студиските патувања ќе се реализираат од крај на месец мај до октомври.

Градоначалникот на општина Кочани кажа дека демографската ситуација е пердизвикана од иселување на работоспособното население во најдобрите години. Има доста успешни луѓе со потекло од нашата држава, кои во Словенија работат на активности на кои можат да работат и овде. Негова идеја е да се најде успешен поединец со потекло од нашата држава кој успеал во странство и искуството да го пренесе овде, како на пример што многу поединци работат на скијалиштата во Австрија. Исто така потсети и на селскиот туризам на Осоговските планини каде лежи и потенцијал за производство на здрава храна.

Г-дин Цизељ цело време надополнуваше со позитивни искуства и примери.

Г-дин Александар Караев спомена за успешен поединец од Гостивар кој со својот ресторан е светски авторитет во кулинарството.

По исцрпување на дискусиите, по кратка пауза, се премина на следнта точка од дневниот ред.

***II.Точка два:*** Презентација на концепт решенијата, како фаза четири од начинот на организирање и спроведување на регионални консултации – форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Претседателот го повика надворешниот експерт Г-дин Денис Жерновски да ја образложи точката.

Г-дин Денис Жерновски беше вклучен преку on – line комуникациски алатки. Тој ја образложи точката преку Презентација на концепт решенијата за

Претседателот праша кој друг нема одобрение за градба.

За збор се јави градоначалникот на општина Чешиново – Облешево кој за проектот Инфраструктура во Индустриска зона Облешево – Урбан блок 4 Облешево, кажа дека претпоставува дека нема да стигне на време докомплетирањето со одобрение за градба и дека го повлекува Проектот, додека другиот проект останува.

Замената на Градоначалникот на општина Делчево Јасминка Ќурчиска за Проектот Фекална канализција за туристички локалитет Голак, општина Делчево, кажа дека ќе се стигне до 26-ти април со одобрение за градба.

Претседателот го праша надворешниот експерт освен проблемите со одобрение за градба, во кои проекти се јавуваат други проблеми како тоа дали проектот има регионално значење, потоа проблемот кој беше споменат во презентацијата во врска со проект за Фекална канализација каде не се знае дали постои систем за водоснабдување и сл..

Денис Жерновски одговори дека проектите кои во моментот немаат одобрение за градба тој би ги оставил за септември, како и оние кои имаат други проблеми во однос на документацијата, за проектот Фекална канализација на Голак кажа дека не знае дали имаат систем за водоснабдување, што од технички аспект нема логика ако е така.

Со цел отстранување на ризикот, Претседателот предложи проектите кои во овој момент немаат одобрение за градба да им се даде шанса во септември.

Г-дин Денис Жерновски за проектот за Дом за стари лица кажа дека нема информација дали ќе се стигне со градежна дозвола до 25-ти април, проектот Инфраструктура во Индустриска зона Облешево – Урбан блок 4 Облешево е повлечен, прашање е дали за Фекалната канализација за Голак има градежна дозвола, за Македонска Каменица веќе е одговорено.

Претседателот предложи на концептните решенија, за проектите Фекална канализација за туристички локалитет Голак, општина Делчево, Реконструкција на помошен стадион и изградба на тартан атлетска патека и Проширување на капацитетите за сместување и грижа на стари лица во Источен плански регион - „д-р Иван Влашки“ Берово, кои во овој момент немаат комплетна документација, односно донесено одобрение за градење, со цел отстранување на ризикот, да им се даде шанса и поддршка да аплицираат по повикот во септември. Предлогот го стави на гласање. Праша кој е „ЗА“. 9 членови на Советот гласаа ,,ЗА“. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека има двајца „Воздржани“. Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Претседателот констатира дека се донесе следната:

**Одлука**

**Член 1**

На концептните решенија:

- Фекална канализација за туристички локалитет Голак, општина Делчево,
- Реконструкција на помошен стадион и изградба на тартан атлетска патека, и
- Проширување на капацитетите за сместување и грижа на стари лица во Источен плански регион - „д-р Иван Влашки“ Берово,

презентирани од надворешен експерт пред Советот за развој на Источен плански регион, како дел од процесот на спроведување на регионални форуми

Г-дин Александар Николов дополни дека сепак според приоритет утврден од Советот, Комисијата за оценка на предлог проектите дава бодови на проектите, а Г-ца Катерина Коцева објасни дека согласно Правилникот за начинот на организирање и спроведување на регионални консултации – форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, по презентацијата на концепт решенијата, истите, како што беше наведено и во презентацијата, може да се дополнат со мислења и препораки за подобрување дадени од членовите на Советот, потоа доколку за некое концепт решение Советот оцени дека не е од регионално значење или приоритет за регионот, Советот може да го одбие или пак концепт решенијата може да бидат дополнети со нов концепт, кој што не е дел од предложените концепти, доколку Советот смета дека е од значење за регионот. Во Правилникот не стои дека се прави Листа на концептни решенија наредени по приоритетност, туку по оваа Седница следи втор форум, а потоа нова Седница на Совет каде согласно Законот за рамномерен регионален развој се носи Одлука за утврдување на Листа на предлог - проекти за развој на Источен плански регион и во таа Листа Советот го утврдува приоритетот на проектите од Листата и тие се рангираат како прв, втор, трет итн.

Замената на Градоначалникот на општина Делчево Г-ѓа Јасминка Ќурчиска праша дали имало воопшто потреба проекти да бидат одбиени во овој момент, на што Претседателот одговори дека, како што кажа надворешниот експерт, тоа е сторено за да се избегне ризик факторот за одреден проект да не успее на време да се извади одобрение за градба, а ќе им се даде приоритет во септември.

Градоначалникот на општина Карбинци кажа дека тој смета дека изземањеето на тие проекти е оправдано, со оглед на бројот на неработни денови до 26-ти април.

Потоа Претседателот предложи проектите Електрично осветлување на археолошки локалитет „Баргала“ – општина Карбинци и Подобрување на културно-туристичката инфраструктура во ИПР да се спојат во еден проект, односно концептно решение. Предлогот го стави на гласање. Праша кој е „ЗА“. 8 членови на Советот гласаа ,,ЗА”. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека има двајца „Воздржани“. Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Претседателот констатира дека се донесе следната:

**Одлука**
**за спојување на концепт решенија**

**член 1**

Концептните решенија:

- Електрично осветлување на археолошки локалитет „Баргала“ – општина Карбинци и
- Подобрување на културно-туристичката инфраструктура во ИПР,

презентирани од надворешен експерт, пред Советот за развој на Источен плански регион, како дел од процесот на спроведување на регионални форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022

се појавил минатата година, и на реакциите од Источен плански регион одговорот бил дека последниот збор го има Комисијата за оценка на проектите. Исто така напомена дека колку е поголемо кофинансирањето од општините, толку повеќе бодови се добиваат за проектите.

***III.Точка три:*** Презентација на предложените концепт решенија, како четврти чекор од Упатството за начинот на организирање и спроведување на регионални форуми на заедницата за проектите од Грантовата шема на СДЦ/МЛС "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - II фаза"

Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Претседателот го повика надворешниот експерт Г-дин Денис Жерновски да ја образложи точката. Г-дин Денис Жерновски беше вклучен преку on – line комуникациски алатки. Тој ја образложи точката преку Презентација на предложените концепт решенија, како четврти чекор од Упатството за начинот на организирање и спроведување на регионални форуми на заедницата за проектите од Грантовата шема на СДЦ/МЛС "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - II фаза", која е прилог на овој Записник.

По презентацијата, Претседателот праша дали некој ќе се јави за збор, ќе даде мислење и препораки за подобрување на презентираните концепт решенија.

За збор се јави Градоначалникот на општина Кочани кој праша кој го прави изборот на проекти и колкав е буџетот.

Г-ѓа Зујица Ангелова одговори дека презентираните концепт решенија се најиздржливи и спремни за аплицирање, дека изборот го прави Комисија за евалуација формирана од Министерот за локална самоуправа во состав со претставници од Швајцарска Амбасада, МЛС и БРР, буџетот е околу 350 илјади CHF, а денес Советот може да даде мислења и препораки за подобрување на концепт решенијата. Периодот за аплицирање е до 31-ви мај, овде се вклучени и други компоненти како дигитализација итн. Кој проект ќе биде поддржан ќе има информација на почетокот на јули. И Алексндар Николов даде кратко објаснување за овој процес.

Бидејќи никој друг не се јави за збор се премина на следната точка на дневниот ред.

**IV.Точка четири:** Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Рехабилитација на полски пат во село Вирче, општина Делчево“

Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката.

Г-ѓа Зујица Ангелова по краткиот вовед за проектот, објасни и дека за овој проект поради оствари заштеди е остварена и интервенција за доискористување на средствата за продолжување на трасата.

Претседателот праша дали некој ќе се јави за збор.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја стави на гласање Предлог – Одлуката за преотстапување на изграден објект „Рехабилитација на полски пат во село Вирче, општина Делчево“. Праша кој е „ЗА“. 9 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема „Воздржани“. Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Претседателот констатира дека се донесе следната:

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот констатира дека дневниот ред е исцрпен и петата Седница ја прогласи за затворена.

Седницата заврши во 13:40 часот.

Прилог:

- Листа на присутни,
- Презентација на концепт решенијата за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година,
- Презентација на предложените концепт решенија, како четврти чекор од Упатството за начинот на организирање и спроведување на регионални форуми на заедницата за проектите од Грантовата шема на СДЦ/МЛС "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - II фаза"

Записничар:
Катерина Коцева

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател
Иван Јорданов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 02-СА
14.04.2022 год.
ДЕЛЧЕВО

14.04.2022

02 158/3

Врз основа начлен 21 став 6 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.24/21 и 174/21), Градоначалникот на општина Делчево, на ден 14.04 2022 година, го дава следново:

0201

# ОВЛАСТУВАЊЕ

Јас, Горан Трајковски Градоначалник на општина Делчево со ЕМБГ 2007971492505, согласно член 21 став 6 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.24/21 и 174/21), го овластувам Јасмина Стојчева со ЕМБГ 0811979497502, член на Советот на општина Делчево, во мое отсуство , да присуствува на петтата (итна) Седница на Советот за развој на Источен плански регион, која ќе се одржи на ден 14.04.2022 година, и да ме заменува со сите мои права, должности и одговорности.

**Општина**
**Делчево**
**Градоначалник,**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Да се достави до:
- Архива на општина -----------
- Архива на Центар за развој на Источен плански регион
- Совет за развој на Источен плански регион

14.04.2022

02 159/2

Врз основа начлен 21 став 6 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/21 и 174/21), Градоначалникот на општина -----------, на ден -----------2022 година, го дава следново:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 09-735/1
14.04 2022 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ОВЛАСТУВАЊЕ

Јас Димчо Атанасовски Градоначалник на општина М. Каменица со ЕМБГ 0704978492522, согласно член 21 став 6 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/21 и 174/21),го овластувам Симона Захариевска со ЕМБГ 2402997498003 член на Советот на општина ---------------, во мое отсуство поради --------------------, да присуствува на петтата (итна) Седница на Советот за развој на Источен плански регион, која ќе се одржи на ден 14.04.2022 година, и да ме заменува со сите мои права, должности и одговорности.

**Општина** М. Каменица
**Градоначалник,**

Да се достави до:
- Архива на општина ----------
- Архива на Центар за развој на Источен плански регион
- Совет за развој на Источен плански регион

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
БР. 08 - 1520/2
12.04.2022 год.
БЕРОВО

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
ШТИП

| Примено: 14.04.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 159/1 | | |

Врз основа на член 21 став 6 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.24/21 и 174/21), Градоначалникот на општина Берово, на ден 12.04.2022 година, го дава следново:

ОВЛАСТУВАЊЕ

Јас, Звонко Пекевски, Градоначалник на општина Берово, со ЕМБГ 1602974491501, согласно член 21 став 6 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.24/21 и 174/21), ја овластувам Славица Фурнаџиска, со ЕМБГ 2909972496508, член на Советот на општина Берово, во мое отсуство поради службено патување во Република Бугарија, да присуствува на петтата (итна) Седница на Советот за развој на Источен плански регион, која ќе се одржи на ден 14.04.2022 година, и да ме заменува со сите мои права, должности и одговорности.

**Општина Берово**
**Градоначалник**
**Звонко Пекевски**
-----------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БЕРОВО

Да се достави до:
- Архива на општина Берово
- Архива на Центар за развој на Источен плански регион
- Совет за развој на Источен плански регион

ИСТОЧЕН РЕГИОН
СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

## ЛИСТА НА ПРИСУТНИ

на седницата на Советот за развој на Источен плански регион, одржана на ден 14.04.2022 година во општина Штип

| Градоначалник | Општина | Потпис |
|---|---|---|
| Звонко Пекевски | Берово | |
| Миле Петков | Виница | |
| Горан Трајковски | Делчево | |
| Борчо Коцев | Зрновци | |
| Виктор Паунов | Карбинци | |
| Љупчо Папазов | Кочани | |
| Димчо Атанасовски | Македонска Каменица | |
| Александар Китански | Пехчево | |
| Драган Анастасов | Пробиштип | |
| Далибор Ангелов | Чешиново - Облешево | |
| Иван Јорданов | Штип | |
| **Претставник од бизнис заедницата** | Моника Јованова | |
| **Претставник од здруженијата** | Јасминка Пашалиска - Андоновска | |

ИСТОЧЕН РЕГИОН

**СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

## ЛИСТА НА ПРИСУТНИ

на седницата на Советот за развој на Источен плански регион, одржана на ден 14.04.2022 година во општина Штип

| Име и презиме | Институција | Потпис |
|---|---|---|
| Алек Карцев | консултанти - проекти | |
| Boris CIZELJ | ekspert ECPD | |
| Dušan M[illegible] | EBRD | |
| Синиша Захариевски | Општина Македонска Каменица | |
| Виктор Панов | | |
| Катерина Коцева | ЦРИПР | |
| Ванчо Новоселски | ЕЛС - Делчево | |
| Катерина Коцева | ЦРИПР | |
| Андреа Златковска | ЦРИПР | |
| Емил Василев | ЦРИПР | |
| Александар Николов | ЦРИПР | |
| Зорица Ангелова | ЦРИПР - Штип | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

# ПРОГРАМА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

**Идентификација на предлог-проекти за финансирање**

Штип

Април 2022

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ

- Завршена прва форумска сесија
- Реализирани состаноци со Градоначалниците / претставници од општините
- Идентификувани се 11 предлог-проекти.
- Критериуми за пред селекција:
    - Готовност за реализација (зрелост)
    - Регионален карактер
    - Буџет – поголем од 6.000.000 денари

# СЕЛЕКТИРАНИ ПРОЕКТНИ КОНЦЕПТИ

***Електрично осветлување на археолошкиот локалитет "Баргала"- Општина Карбинци***

| ОБЛАСТ | ТУРИЗАМ |
|---|---|
| ОПШТИНА | КАРБИНЦИ |

- Проектот предвидува електрично осветлување на Археолошкиот локалитет Баргала, изработка на декоративно осветлување на градбите од локалитетот, на сите делови на објектот од надворешна страна, на клупите од внатрешна страна и на пешачките патеки, поставување на инфо табли и оградување на локалитетот

- Спремен за имплементација – поднесен е и минатата година и е позитивно оценет со 32,67 поени, но поради недостаток на средства не е финансиран

- **Буџет: 6.133.633 денари**
- **Кофинансирање 647.700 денари**

# СЕЛЕКТИРАНИ ПРОЕКТНИ КОНЦЕПТИ

***Подобрување на културно-туристичката инфраструктура во ИПР***

| ОБЛАСТ | ТУРИЗАМ |
|---|---|
| ОПШТИНА | ШТИП |

- предлог проектот предвидува реконструкција на главната улица во населбата Ново Село во општина Штип преку која се пристигнува до сите значајни културно историски знаменитости, односно нејзино поплочување во должина од 300м во автентичен стил

- Спремен за имплементација

- **Буџет: 7.000.000 денари**
- **Кофинансирање 700.000 денари**

# СЕЛЕКТИРАНИ ПРОЕКТНИ КОНЦЕПТИ

***Проширување на капацитетите за сместување и грижа на стари лица во Источен плански регион - „д-р Иван Влашки“ Берово***

| ОБЛАСТ | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА |
|---|---|
| ОПШТИНА | БЕРОВО |

**Предлог проектот предвидува проширување на капацитетите на постојниот дом за стари лица “Иван Блашки”во општина Берово, со што ќе се зголеми капацитетот на домот за дополнителни 28 легла (вкупно 65 корисници).**

14 соби со вкупно 28 легла

- Спремен за имплементација? – Одобрение за градба дали ќе се извади до 25 Април.
- **Буџет: 20.000.000 денари**
- **Кофинансирање 5.000.000 денари**

# СЕЛЕКТИРАНИ ПРОЕКТНИ КОНЦЕПТИ

***Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци II фаза***

| ОБЛАСТ | ЖИВОТНА СРЕДИНА |
|---|---|
| ОПШТИНА | ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО |

Со средства од ПРРР за 2019 година изградена е I (прва) Фаза од фекалната канализација и тоа Крак К1 со должина од 1163,55м, крак К2 со должина од 1229м, крак К4 со должина од 397,17м, крак К4-1 со должина од 116,18м и колектор од 419,14м (пред третман)

За да може системот да се пушти во функција потребно е да се доизградат останатите краци во селото и да се изгради пречистителна станица за прочистување на отпадните фекални води.

- Спремен за имплементација – Регионален карактер

Фекалната канализација завршува во одводна вада, нема пречистителна станица.

- **Буџет: 18.214.103,00 денари**
- **Кофинансирање 0 денари**

# СЕЛЕКТИРАНИ ПРОЕКТНИ КОНЦЕПТИ

## Фекална канализција за туристички локалитет Голак, општина Делчево

| ОБЛАСТ | ТУРИЗАМ / ЖИВОТНА СРЕДИНА |
|---|---|
| ОПШТИНА | ДЕЛЧЕВО |

Изградба на фекална канализција во туристички локалитет Голак,
10 постоечки објекти и околу 80 нови објекти предвидени во ДУП
Има ли систем за водоснабдување?
Ќе се стави ли во функција по завршувањето на градбата?
Нема пречистителна станица, каде завршува фекалната канализација?

- Спремен за имплементација – градежна дозвола?
- **Буџет: 10.129.665,00 денари**
- **Кофинансирање 1.012.967,00 денари**

# СЕЛЕКТИРАНИ ПРОЕКТНИ КОНЦЕПТИ

## Реконструкција на помошен стадион и изградба на тартан атлетска патека

| ОБЛАСТ | ТУРИЗАМ |
|---|---|
| ОПШТИНА | МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА |

Со проектот е предвидено да се изврши реконструкција на помошен стадион и изградба на тартан атлетска патека со што ќе се создаде заокружена спортска понуда

- Спремен за имплементација – основен проект? градежна дозвола?

- **Буџет: 8.600.000,00 денари**
- **Кофинансирање 1.600.000,00 денари**

## ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ

4. СРИПР може да даде мислење и препораки во насока на подобрување на предлог-концептните решенија;

5. Доколку за некое концепт-решение Советот оцени дека не е од регионално значење/не е приоритет за регионот, одлучува со мнозинство гласови;

6. Секој член на Советот, може да предложи нов концепт, кој не е дел од предложените концепти, а за кој смета дека дека е од значење за регионот и за истото се одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови;

7. Потребно е да се донесе Одлука за утврдување на приоритетни предлог концептни решенија.

# ГРАНТОВАТА ШЕМА 2022-2024

**Идентификација на предлог проекти за финансирање**

Штип

Април 2022

# Идентификација на предлог проекти

- Идентификувани се 3 предлог проекти
  - Циркуларна економија - проект за примарна селекција на отпад „Продај го својот отпад"
  - Изградба на спортски комплекс (адреналински парк) општина Штип
  - Регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје на град Делчево - фаза 2

## Регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје на град Делчево - фаза 2

- Локација: Делчево
- Буџет: 32.081.271,00 денари
- Сопствено учество: 11.000.000,00 денари

- Проектот предвидува регулација на река Брегалница во делот кој поминува нз централното градско подрачје и поставување на дигиталната опрема за мерење на нивото на реката односно водостојот. Со регулацијата ќе бидат заштитени низа на објекти кои што се новоизградени. Ќе биде инсталирана модуларна стница за мерење на нивото на водата на река Брегалница